**4379.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ЕУРО КАНН УВОЗ-ИЗВОЗ ДОО ДЕМИР ХИСАР**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија ЕУРО КАНН увоз-извоз ДОО Демир Хисар со број 19-263/3 од 7.12.2021 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12302/1
7 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**4380.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/21), во членот 1 став 2 износот „83.492.000,00“ се заменува со износот „82.642.000,00“, а износот „21.500.000,00“ се заменува со износот „20.650.000,00“.

Член 2

Во членот 2 точка а) во воведната реченица износот „7.090.000,00“ се заменува со износот „9.590.000,00“.

Во потточката 1 износот „1.500.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Во потточката 2 износот „4.060.000,00“ се заменува со износот „8.790.000,00“.

Потточката 3 се брише.

Потточките 4, 5 и 6 стануваат 3, 4 и 5.

Потточката 7 се брише.

Потточките 8 и 9 стануваат потточки 6 и 7.

Во точката б) во воведната реченица износот „3.530.000,00“ се заменува со износот „1.030.000,00“.

Потточката 1 се брише.

Потточката 2 станува потточка 1.

Потточката 3 се брише.

Потточката 4 станува потточка 2.

Потточката 5 се брише.

Потточката 6 станува потточка 3.

Во потточката 7 која станува потточка 4 износот „300.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Во потточката 8 која станува потточка 5 износот „300.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Во потточката 9 која станува потточка 6 износот „300.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Во точката в) износот „9.880.000,00“ се заменува со износот „9.030.000,00“.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11917/1
7 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**4381.**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3) и член 129 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/14, 44/15,193/15, 11/28, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 3.12.2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ**

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат радиофреквенциите што можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции, во согласност со прописите на Европската конференција за пошти и телекомуникации (CEPT) и другите меѓународни правила и прописи што ги прифатила Република Северна Македонија.

Член 2

Радиофреквенциите кои се користат без одобрение за користење на радиофреквенции како и условите за нивно користење се дадени во Прилог на овој правилник кој е негов составен дел.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции („Службен весник на Република Македонија број 88/2018 од 15.05.2018 година“). По влегувањето во сила овој Правилник ќе биде објавен и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-2603/5
3 декември 2021 година
Скопје

Директор,
**Jeton Akiku,** с.р.